ELECTORAL SUPPORT PROGRAMME
ПРОГРАМА ЗА ПОДДРШКА НА ИЗБОРИТЕ
PROGRAMI PËR MBËSHTETJEN E ZGJEDHJEVE

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

Swiss Agency for Development and Cooperation SDC

# СТУДИЈА НА СЛУЧАЈ: ПРИМЕРОТ НА ФИНСКА - ЕФЕКТИВНИ МОДЕЛИ НА ИСТРАЖУВАЧКИ И АНАЛИТИЧКИ ЕДИНИЦИ ПОВРЗАНИ СО ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ



International Foundation for Electoral Systems

DEMO FINLAND

Оваа публикација е подготвена во рамките на Швајцарската програма за поддршка на изборите во Северна Македонија. Програмата за поддршка на изборите е проект на Владата на Швајцарија имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (ИФЕС).

Публикацијата е подготвена во јуни 2026 година од: Демо Финска – политичките партии на Финска за демократија, заедничка организација на финските парламентарни партии

Демо Финска – политичките партии на Финска за демократија е заедничка организација на финските парламентарни партии. Формирана е со цел подобрување на демократијата преку зајакнување на политичкото учество на жените, младите и лицата со попреченост, а посебно преку поддршка на дијалогот меѓу политичките партии. Дополнително, Демо Финска претставува водечка експертска и организација за застапување во Финска за поддршка на демократијата. Демо Финска не е идеолошки, религиозно или политички поврзана со ниту едно конкретно движење.

Фотографија на насловната страница: Хила Курки

# Студија на случај: Примерот на Финска - ефективни модели на истражувачки и аналитички единици поврзани со политичките партии

## Вовед

Овој труд е изработен за потребите на „Програмата за поддршка на изборите во Северна Македонија“ - проект на Владата на Швајцарија, имплементиран од Меѓународната фондација за изборни системи (IFES). Главната цел на проектот е да ги поддржи демократските и кредибилни изборни процеси што поттикнуваат политичко учество и социјална интеграција, овозможувајќи им на гласачите слободно да ги избираат своите претставници, но и да ги повикуваат на одговорност.

Како помошен елемент на овој проект, оваа студија на случај служи како алатка за врсничко учење, рефлексија и дијалог за политиките во контекст на Финска и Северна Македонија. Студијата ги прикажува правните, институционалните и оперативните рамки што ги регулираат партиски поврзаните истражувачки структури во Финска, вклучувајќи ги и моделите на управување, механизмите за финансирање, степените на автономија, стандардите за отчетност и начините на интеракција со партиското раководство и други партиски структури.

Покрај сеопфатниот преглед на литературата, при изработката на овој труд беа спроведени четири интервјуа и две писмени консултации со релевантни истражувачки и друг вид единици поврзани со политичките партии. Анализата ќе ги истакне клучните добри практики и елементи што би можело да се искористат и се релевантни за националниот контекст на Северна Македонија.

## Политичкиот контекст и независноста на истражувањето во Финска

Финска е повеќепартиска демократија со долга историја на коалициски влади. Парламентот моментално брои девет политички партии, а актуелната мнозинска влада е коалиција на четири политички партии: Националната коалиција, Партијата на Финците, Демохристијаните и Шведската народна партија на Финска.

Во Финска, по изборите, партијата со најмногу освоени пратенички места во парламентот започнува преговори за формирање влада, кои обично ги вклучуваат сите политички партии, со цел да се изгради мнозинска влада посветена на владина програма. Партијата со најмногу пратенички места во Парламентот генерално се претпоставува дека ќе ја предводи владата и ќе назначи премиер, но само доколку

успее да формира коалиција што ќе има мнозинство во Парламентот. Во последните децении, малцинските влади се многу ретки. Традиционално, ниту една партија не е доволно голема за да владее сама; оттука, соработката и градењето консензус се составен дел на финската политичка култура, а овој пристап се одразува и на пониски нивоа на носење одлуки.

Академската слобода е добро етаблирана во Финска, поддржана од меѓународно конкурентни истражувања, автономни универзитети, независно судство и силно почитување на владеењето на правото. Сепак, ограниченото финансирање и несигурноста на академските кариери ја ограничуваат автономијата на истражувањето, што придонесува за релативно скромно рангирање на Финска во Индексот на академска слобода 2026, кое бележи пад од 38 места во однос на 2023 година. Според Комитетот за јавни информации, се зголемуваат политичкото и економското насочување и малтретирање упатени кон истражувачите, со последици врз академската слобода.

Последователните влади во Финска активно промовираат донесување одлуки базирано на докази и истражувања. За поддршка на оваа цел, воспоставени се неколку инструменти за финансирање заради зајакнување на врските меѓу науката, истражувањето и креирањето политики.

Главните инструменти за финансирање (опишани подолу) ѝ доделуваат на владата улога во дефинирањето на темите за истражување и избирањето на најсоодветните проекти преку конкурентни процеси. Најчувствителен дел е фактот што, додека се на власт, политичките партии можат да влијаат на изборот на истражувачки теми. Во одредени моменти, овие теми се перципираат како политички мотивирани, а јавната дебата околу нив станува политизирана. Исто така постојат и неминовни тензии на пресекот на научните истражувања и политичкото управување: додека истражувачите ја нагласуваат важноста на академската слобода, креаторите на политиките често бараат одговори базирани на докази, но за прашања дефинирани во рамките на политичките агенди. Овој конфликт полесно се разрешува во аналитичките центри поврзани со партиите, а останува поизразен во независното академско истражување кое е конкурентно финансирано.

- Стратешкиот истражувачки совет (СИС) основан во рамките на Истражувачкиот совет на Финска финансира висококвалитетни истражувања со голема општествена релевантност и влијание. Секоја година, СИС подготвува предлог за клучни стратешки истражувачки теми и приоритети што треба да бидат одобрени од Владата на Финска. Владата ги утврдува истражувачките потреби и ги одредува конечните теми, кои потоа СИС ги формулира во истражувачки

програми. Програмите на СИС траат 3–6 години. Во ноември 2025 година, СИС започна со најновите дополнувања на истражувачките програми, вклучувајќи тематски истражувачки области како што се менталното здравје и Арктикот. Годишниот буџет за финансирање на СИС е околу 55 милиони евра.

- ВНК Туткива: Кога се на власт, политичките партии придонесуваат за истражувачките приоритети на заедничките истражувачки и развојни активности на Владата и министерствата (ВН Туткива) чија цел е да се поддржи подготовката за носењето одлуки и политики. Во 2026 година беше отворен повик за нарачување истражувања во вредност од 6 милиони евра за универзитетите, истражувачките институти и други организации што вршат истражувања за да се задоволат информативните потреби на министерствата наведени во годишниот владин план за истражувања.. Истражувачките теми често опфаќаат прашања што спаѓаат во надлежност на повеќе министерства и служат како поттик за меѓуресорска соработка.

## Концептуализација на истражувањето за потребите на политички партии

Политичките партии се матични тела на сродни организации како што се женските и младинските крила, локалните здруженија, поврзани фондации и научни центри. Со исклучок на Движење Сега, најмалата партија во парламентот, која има само еден пратеник, сите политички партии што моментално се застапени во финскиот парламент имаат единици кои иницијално се појавиле како истражувачки тела поврзани со политички партии (Анекс 1). Сепак, како што еволуирале функциите на овие единици, така се разделила и нивната концептуализација.

Овој труд ги разгледува единиците базирани на политички партии, кои воспоставиле односи со политички партии и добиле финансирање од Министерството за култура и образование од буџетите наменети за финансирање на истражувања базирани на политички партии од 2005 до сѐ до 2024 година. Финансирањето е скратено во буџетските преговори за 2025 година како дел од фискалната консолидација.

Сепак, овие критериуми не ги исполнуваат сите истражувачки единици поврзани со политичките партии. Некои истражувачки единици првично основани во рамките на политички партии ја надминаа партиската структура и прераснаа во независни истражувачки единици со само ограничена поврзаност или асоцијација со поранешните матични партии (како истражувачката единица Е2 која претходно беше поврзана со Центристичката партија), а некои немаат воспоставени партиски врски, но имаат сегашни или поранешни вработени или членови на одборот кои имаат значајни улоги и во политичките партии, градејќи неформални врски помеѓу политичките партии и

независните истражувачки единици (како што е независниот аналитички центар Libera). Бидејќи овие единици немаат воспоставена врска со политичките партии, тие не се директно опфатени во овој труд.

Во овој труд, истражувачките единици базирани на политички партии не се оценуваат врз основа на квалитетот на нивното истражување. Како што се дискутира подоцна, само некои од единиците на политичките партии што се основани за истражувачки цели продолжуваат да примаат академски истражувачи и да објавуваат висококвалитетни истражувања. Повеќето вакви партиски базирани единици функционираат како специјализирани организации, објавувајќи јавни комуникации кои ја поддржуваат изработката на политики на политичките партии и обезбедуваат нови перспективи и идеи во политиката со идеолошки врски со матичните партии. Така, во овој труд се зборува за единици базирани на политички партии наместо за истражувачки единици за да се разјасни дека истражувањето не е основна активност во сите единици.

## Правни и институционални структури

Како правни лица, овие единици се регистрирани фондации, регистрирани здруженија или посебни единици под регистрираните здруженија, како што се партиско-политичките образовни здруженија. Сите овие единици функционираат како посебни правни субјекти одвоени од политичките партии.

**Регистрираните фондации** се уредени со финскиот Закон за фондациите (478/2015), а нивната усогласеност со законот ја надгледува финската Канцеларија за патенти и регистрација. Регистрираните фондации се правни лица основани за управување со имот дониран за одредена цел. Оваа намена се утврдува при основањето на фондациите. Фондациите немаат членови, сопственици или заинтересирани страни, туку одбор на доверители кој ги надгледува операциите, вклучувајќи ги и правните обврски и обврските околу инвестициите на фондацијата.

**Регистрираните здруженија** се уредени со финскиот Закон за здруженијата (503/1989). Сепак, нивните права се засноваат на Слободата на здружување загарантирана со финскиот Устав. Во Финска, слободата на здружување се сфаќа како универзално право, па затоа во принцип важи подеднакво за сите форми на активности за здружување. Здруженијата, пак, се смета дека уживаат внатрешна слобода на дејствување, што значи дека имаат право самостојно да ги изработат своите подзаконски прописи во рамките на законот и да одлучуваат за своето внатрешно работење. Регистрираните здруженија се правни лица, а за водење на финскиот Регистар на здруженија е задолжена финската Канцеларија за патенти и регистрација. Во него се содржат детали за регистрираните здруженија, како што се нивните

подзаконски акти и податоците за лицата овластени да потпишуваат за здруженијата, односно лицата што можат да делуваат во име на здруженијата.

Некои единици базирани на политички партии добиваат финансирање од своите матични партии. Политичките партии се правни лица кои се уредени со **Законот за политичките партии (10/1969),** кој ги утврдува нивните законски обврски. Според член 9 став а од Законот, „Министерството за правда ја надгледува употребата на субвенцијата одобрена од државни средства и ја следи примената на овој закон и други одредби и прописи донесени врз основа на овој закон во активностите на партијата и здруженијата што дејствуваат како нејзини подрачни организации, како и други здруженија“. Понатаму, Законот предвидува дека Министерството „може да назначи и ревизор овластен од Централната стопанска комора за вршење инспекции и испитувања во врска со сметководството и користењето на средствата“. Така, кога единиците поврзани со партијата добиваат средства од политички партии, финансирањето потпаѓа под овие регулативи.

Законот за политички партии е донесен во 1960-тите за да се намали влијанието на странските сили во финската политика и да се зајакне финската демократија. Според Законот, политичките партии добиваат финансирање врз основа на бројот на освоени пратенички места во парламентот. Најголемата партија во парламентот со 48 пратеници моментално добива 8,3 милиони евра државна поддршка, додека најмалата партија со еден пратеник доби 173.000 евра. Финансирањето на политичките партии е наменето за политичките активности на политичките партии и политичката комуникација. Во практиката, финансирањето ги поддржува функциите на политичките партии, како што се локалните канцеларии, функционирањето на женските крила, трошоците за персонал, партиските политички публикации и комуникации и изборните кампањи. Сепак, поддршката не може да биде насочена кон индивидуални кандидати или кон лични трошоци.

Законот за политичките партии ги обврзува политичките партии на транспарентност во финансирањето. Политичките партии се должни да го известат Државниот завод за ревизија за секоја надворешна поддршка што надминува 1.500 евра годишно.

## Резултати и влијание на единиците базирани на политички партии

Единиците базирани на политички партии имаат ограничени ресурси и само мал број од нив продуцираат академски истражувања; некои работат како специјализирани организации, подготвуваат публикации и нудат информации поврзани со политичката идеологија на нивните матични партии, со што повеќе наликуваат на аналитички („тинк-тенк“) центри отколку на истражувачки единици.

Единиците базирани на политички партии првично се создадени во 2005 година за да генерираат јавна дискусија и да развијат нови политички иницијативи. Според интервјуата, оваа цел е делумно реализирана. За време на интервјуата спроведени од Демо Финска, забележавме дека партиските единици се свесни дека поради ограничените ресурси и простор во јавната дискусија, партиските единици имале ограничено директно влијание. Финската политичка сцена се карактеризира со посилно етаблирани актери како што се синдикатите, организациите за застапување и лоби групите, со што на ваквите партиски единици им се ограничува просторот во јавната дискусија.

Сепак, единиците пријавуваат и значителна додадена вредност внатре во партиите и покрај ограничениот јавен интерес. Единиците не нудат само поддршка при креирањето и развојот на политиките на нивните политички партии, туку и при генерирањето нови иницијативи и идеи внатре во идеолошката рамка на нивните политички партии. На пример, единицата Visio, базирана на Зелената партија, отвори дебата за основен доход внатре во партијата, со што го зголеми степенот на знаење во партијата и го поддржа носењето одлуки преку истражување на различни модели на практична имплементација, меѓународни примери и мапирање на пилот-проекти на европско ниво и објавување публикации и организирање настани во врска со темата.

Во зависност од автономијата на единицата, таа е способна да ги извршува овие улоги; колку е единицата понезависна, толку е поголема веројатноста да предложи нови иницијативи и приоритети за политиките. Помалку независните единици поверојатно ќе дадат поддршка и ќе ги поткрепат постојните политики на партијата со релевантни истражувачки иницијативи.

### Оперативни рамки

Единиците имаат повеќе извори на финансирање. Во просек, единиците базирани на партии имаат 1-3 вработени, при што најголемата единица базирана на партија има 7 вработени и буџет од приближно 700.000 евра. Помеѓу 2005 и 2024 година, главниот извор на финансирање за многу единици базирани на политички партии беше државното финансирање преку буџетска ставка во Министерството за култура и образование. Други извори на финансирање вклучуваат финансирање од политички партии, независни или политички фондации, европски политички или аналитички („тинк-тенк“) организации и други инструменти за финансирање од државниот буџет. Некои истражувачки единици пријавуваат и активности за собирање средства, како што се надоместоци за поддршка, продажба на билети, настани и продажба на публикации.

До 2024 година, Министерството за култура и образование имаше годишен буџет од приближно 700.000 евра, кој во 2024 година беше наменет специјално за истражувачките единици на политички партии. Државното финансирање за единици базирани на партии беше скратено во преговорите за државниот буџет за 2025 година, но дотогаш истражувачките единици добиваа финансирање врз основа на застапеноста на политичките партии во парламентот (во корист на поголемите партии) и претходните одлуки за финансирање (во корист на стабилно финансирање за основаните единици). Прецизниот критериум за финансирање не е објавен (Kannisto 2019). Државното финансирање е воспоставено врз основа на извештај на Министерството за правда од 2005 година, во кој се истакнува улогата на истражувачките единици базирани на политички партии за поддршка на политичките партии како актери во демократското учество преку отворање јавна дебата и обработка на политички цели.

Износот на државното финансирање за истражувачките единици вариураше од петнаесет илјади евра за најмалите единици до околу 150.000 евра за единиците поврзани со најголемите политички партии. Поради укинување на државното финансирање, една истражувачка единица привремено ги прекина своите функции, а други пак направија значителни адаптации и се потпираат на други форми на финансирање за сите функции. За време на интервјуата, најголемата единица базирана на партија пријави дека државното финансирање изнесувало приближно 20% од целокупниот буџет на единицата, а кратењата довеле до отпуштање на двајца вработени. Во моментов најголемата единица брои 7 вработени, а најмалите единици имале вработени само на скратено работно време, дури и за време на државното финансирање.

## Поврзаноста на раководството на политичката партија и партиските базираните единици

Соработката помеѓу политичките партии и истражувачките единици вклучува заеднички настани и платформи, дистрибуирање на истражувачки трудови и публикации на партиски конференции и други партиски настани, и споделување информации, како што е групирање на податоци и вршење истражување за поддршка на креирањето политики. Многу истражувачки единици исто така делат канцеларии со политички партии, што овозможува неформална соработка. Сѐ на сѐ, единиците базирани на политички партии ги таргетираат и членовите на политичката партија, но и носителите на одлуки во нивната сопствена партија, за да помогнат да заживеат новите идеи и да се отворат дебати за политиките во идеолошката рамка на политичката партија. Дел од најновите публикации се и извештајот од прашалникот за загриженоста на јавноста во врска со

дроновите на Ајатуспаја Тоиво, анализата за степенот на образование и постигнувањето на образовните цели на Фондацијата Калеви Сорса и ажурирањето на базата на миграциски податоци во регионот на главниот град Хелсинки на Суомен Перуста.

Сите тековни оперативни единици базирани на политички партии се раководени од одбори кои ги надгледуваат функциите на единицата и даваат стратешка насока. Од 8 единици, 6 имаат свои одбори, додека две се насочени од студиските центри на политичките партии, кои организираат обуки и едукативни активности. Сите поголеми политички партии имаат студиски центри поврзани со политичките партии, кои обезбедуваат обуки и едукативни активности за политичари и амбициозни партиски активисти, а некои обезбедуваат и обуки отворени за сите граѓани.

Составот и назначувањето на одборите на единиците базирани на политички партии се разликуваат меѓу единиците. Некои политички партии сами го назначуваат одборот на својата единица. Во други случаи, одборот го сочинуваат волонтери избрани независно на генерално собрание на здружението или фондацијата.

Некои од единиците ги надополнуваат политичките назначувања со експерти во специфични области на истражување или специјализација. Други назначуваат претежно доверливи и активни членови на политичката партија. Сепак, во сите одбори на овие единици членуваат значајни политички фигури, а со многу одбори претседаваат и пратеници или други видни личности од поврзаната политичка партија.

Важно е да се истакне дека улогата на одборот се разликува помеѓу единиците. Во некои случаи, одборот дава конкретни насоки во врска со темите и активностите за истражување, додека во други случаи одборот има специјалистичка улога за поддршка на иницијативите на извршната власт. Тоа се постигнува, на пример, преку придонесување кон публикациите и настаните на единиците со стручно знаење од одредена област.

Улогата и составот на одборот имаат значителни импликации врз независноста на единиците базирани на партија. Во случаи кога одборот има ограничена моќ, единиците се целосно независни од политичките партии. Слично, единиците имаат поголема независност кога во одборите има повеќе стручни лица отколку партиски активисти. Некои од единиците пријавуваат дека нивната независност се разликува кај различните одбори. Именувањето на претседателите особено може да ги смени односите помеѓу политичката партија и единицата.

## Мултипартиска соработка и врсничко учење на меѓународно ниво

Мултипартиската соработка помеѓу единиците базирани на политички партии во моментов се темели пред сѐ на личните односи на вработените во единиците. Единиците со меѓусебен интерес заеднички организираат настани и истражувачки семинари и си даваат видливост една на друга. Соработката е особено вредна бидејќи единиците се мали по бројот на вработени и вкупните ресурси.

Пред да се скрати државното финансирање, единиците базирани на политички партии учествуваа на заеднички активности, што беше предуслов за финансирањето. Сепак, откако се укина финансирањето, соработката се заснова претежно на лични односи. Покрај настаните, во претходните заеднички иницијативи спаѓаат публикации што ги обединуваат ставовите на различни партиско-политички перспективи; на пример, во 2017 година, за време на прославите по повод 100-годишнината на Финска, седум единици базирани на партии ги споделија своите визии за иднината на земјата во заедничка публикација.

Политичките партии исто така учествуваат во меѓународна соработка со сродни организации, особено на европско ниво со аналитички центри и истражувачки единици поврзани преку иста идеолошка основа. Ова меѓусебно учење го развива работењето на единиците преку споделување на најдобри практики, внесување нови идеи и предлози за политики, и заеднички активности како што се придонеси кон компаративни студии или заеднички публикации.

## Можности за иднината и меѓународно применливи елементи

Финансирање

- **Стабилната финансиска поддршка на Министерството за култура и образование ги иницира активностите на единиците базирани на политички партии во Финска**. Сега, 20 години подоцна, сите поголеми политички партии имаат свои единици, од кои повеќето успеаја да продолжат со редовното функционирање откако заврши директното финансирање од државниот буџет. Врз основа на ова искуство, може да се заклучи дека е потребен **инструмент за финансирање, конкретно за единици базирани на политички партии.** Ако единиците зависат од партиско финансирање, постои ризик политичките партии да ги насочат парите на кампањи наместо на истражување.
- Постоењето на инструмент за финансирање за кој би можеле да аплицираат истражувачките единици поврзани со политичките партии може да го

поттикне интересот на политичките партии за развивање на сопствени единици.

- Единиците имаат усвоено **разновидни функции** - од јавна комуникација и организирање настани до објавување академски истражувања. Воведувањето на финансиски инструмент со подиректни барања за одржување на академските стандарди би можело да им помогне на единиците да се насочат кон поригорозно, кредибилно и независно истражување. На пример, таквиот инструмент за финансирање би можел да се состои од два дела: основно финансирање (за трошоци за персонал и основни потреби) и надоместок (во зависност од бројот на пратеници, квалитетот на истражувањето или други критериуми).

Организација, управување и независност

- Додадената вредност на истражувачките единици базирани на политички партии е втемелена во идеолошката и практичната поврзаност со политичките партии, но потребна е релативна автономија за да се обезбеди нивната улога не само во поддршката на постоечките политики, туку и во генерирањето нови иницијативи и обновувањето на политичката дебата**.**
- **Лабавата правна концептуализација на единиците базирани на политички партии** овозможува различни нивоа на автономија. Во отсуство на строга правна основа, личните односи, идеологијата на политичката партија и културата играат значајна улога во управувањето со единиците.

Меѓународна соработка

- Единиците базирани на политички партии имаат ограничена соработка со меѓународните партнери; некои добиваат меѓународно финансирање и организираат заеднички активности со други европски организации, објавуваат заеднички публикации, учествуваат на меѓународни семинари и разменуваат идеи и развиваат активности преку соработка. Така, **наместо да основаат нови партиски аналитички („тинк-тенк“) центри или истражувачки единици, политичките партии исто така имаат опција да ги зајакнат и продлабочат своите меѓународни врски и истражувачката соработка**.

**ПРИЛОГ 1: Листа на истражувачки единици поврзани со политички партии**

- Ајатуспаја Тоиво: https://toivoajatuspaja.fi/ (Национална коалициска партија)
- Ајатуспаја Алкио: https://ajatuspajaalkio.fi/en/etusivu/ (Центристичка партија)
- Суомен Перуста: https://www.suomenperusta.fi/ (Финците)
- Фондација Калеви Сорса: https://sorsafoundation.fi/in-english/ (Социјалдемократска партија)
- Висио: https://ajatuspajavisio.fi/in-english/ (Зелените)
- Васемистофоруми: https://vasemmistofoorumi.fi/in-english/ (Левичарски Сојуз)
- Танкесмедјан Агенда: https://agenda.fi/en/briefly-in-english/ (Шведска народна партија на Финска)
- Компаси: https://www.kompassi.org/in-english/ (Демохристијани)